# ХРОНИКА И БЕЛЕШКИ

## XIV МЕЃУНАРОДЕН КОНГРЕС НА ИСТОРИЧАРИТЕ

Овој меѓународен конгрес се одржа од 22 до 29 август 1975 година во Сан Франциско (САД). На конгресов учествуваа околу 1.460 историчари од 60 земји. Во споредба со бројот на учесниците на претходните конгреси, на овој конгрес беше најмал бројот на учесниците. (На XIII конгрес во Москва 1970 год. имаше над 4.000 учесници). Но интересно е да се спомене дека на овој конгрес беше најголем бројот на земјите што беа испратиле свои учесници. Во работата на овој конгрес учествуваа и делегати од Јужна Америка и од афричките земји што на поранешните меѓународни конгреси не бил случај. Ова може да се толкува со зголемениот интерес за историјата како општествена научна дисциплина што се занимава не само со проучувањето, туку и со настаните од II светска војна и по неа.

Оттука е и зголемениот интерес за оваа општествена наука и на земјите во развој што, ослободени од колонијализмот, отпочнаа да создаваат своја историја и да чувствуваат потреба од изучувањето на историјата и на другите народи.

XIV меѓународен конгрес на историчарите се одржа под покровителство на меѓународниот комитет за историски науки (што е под патронат на УНЕСКО), а домакин на конгресот беше Друштвото на историчарите на САД.

Работата на конгресот се одвиваше во пленуми и во четири секции. Имаше и претконгресни научни средбавања, како што беше, на пример, работата на Меѓународната комисија за словенски студии која на 21 август имаше свои научни реферати што се читаа во просториите на Универзитетот Берклеј (Сан Франциско).

Конгресот беше свечено отворен на 22 август 1975 година во 9 часот по локално време во салата на Меморијалниот храм на Масоните. По поздравните говори на официјални лица беше прочитан реферат во пленумот со наслов: „Каубојци, Индијанци и ветената земја: Светска слика на американската граница".

Работата на Конгресот се одвиваше во IV секции и во повеќе комисии: Во секциите имаше централни реферати во кои беа опфатени т.н. „големи теми". Во првата секција такви теми беа:

„Историјата и општеството", „Правата на човекот", „Револуцијата" и „Историскиот феномен на малцинствата".

Во втората секција во рефератите се разгледуваше методологијата во историската наука. Во оваа секција мошне интересни беа рефератите на тема: „Настанот, структурата и развојот во Историјата", „Односот и проценување на вредноста во Историографијата", „Историчарот во неговата потрага по документација" и „Методите во проучувањето на човекот во неговата околина".

Интересните наслови, како и некои мошне интересни реферати, во оваа секција предизвикаа жив интерес кај учесниците и меѓусебна разновидна и содржајна дискусија.

Во третата секција во рефератите беа опфатени: античкиот период, средновековието, модерната историја и современата историја. Главни теми за античкиот период се однесуваа на центрите од античката цивилизација и за општествено-економската структура на тие цивилизации. Низ рефератите што го опфаќаа средновековието се соопштија најновите резултати од проучувањето на средновековните номадски заедници и прежимањето на цивилизациите на Европскиот континент на преминот меѓу XIII и XIV век.

Од модерната историја се разгледуваа прашања за развојот на народите и државите во XIII и XIX век со развојот на индустријата.

Современата историја ги опфаќаше прашањата за врските меѓу Европа и САД во минатото; работничките движења во XIX век (револуција или реформа); проблемот на демократијата и внатрешната структура на политичките движења и партиите од секаков вид и боја во XX век, како и политичките идеи и реалности во XX век. Седниците на овие три секции се одржуваа главно во салите на хотелот Fairmont.

Во четвртата секција се одржуваа седници на здруженија, организации и комисии што беа вклучени во програмата на Конгресот и тоа: за поморство, за славистичка, демографска историја и други.

Југословенската официјална делегација за Конгресот беше составена од 13 историчари и тоа:

Од БЕЛГРАД:

1. Д-р ДРАГОСЛАВ ЈАНКОВИЌ
2. Д-р СИМА ЌИРКОВИЌ
3. Д-р ЈОВАН МАРЈАНОВИЌ
4. Д-р НИКОЛА ПЕТРОВИЌ

Од ЗАГРЕБ:

5. Д-р МИРЈАНА ГРОС

Од ЉУБЉАНА:

6. Д-р ФРАНЦ ЦВИТЕР
7. Д-р БОГО ГРАФЕНАУЕР

Од САРАЕВО:

8. Д-р БРАНИСЛАВ ЃУРЃЕВ
9. Д-р МИЛОРАД ЕКМЕЧИЌ
10. Д-р НИКОЛА БАБИЌ

Од НОВИ САД:

11. Д-р БРАНИСЛАВ ВРАНЕШЕВИЌ

Од СКОПЈЕ:

12. Д-р АЛЕКСАНДАР АПОСТОЛОВ, редовен професор на Филозофско-историскиот факултет во Скопје
13. Д-р ДАНЧО ЗОГРАФСКИ, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Посебно од делегацијата, на Конгресот учествуваа уште М-р ЉУБИНКА ТРГОВЧЕВИЌ од Белград и ЈОН ДЕШАН професор во средно училиште од Вршац.

На чело на делегацијата беше проф. Франц Цвитер, претседател на Југословенскиот комитет, а водач на патот беше проф. д-р Бранислав Вранешевиќ, претседател на Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија. Претставниците од СРМ тргнаа на пат од Скопје за Белград на 19 август 1975 година. На истиот ден со почеток во 17 часот, во просториите на Архивот на Србија се одржа состанок на сите членови на делегацијата. Состанокот траеше до 19,30 часот и на него се дадоа сите нужни информации и инструкции во врска со претстојниот пат и Конгресот.

Учеството на југословенската делегација на овој конгрес беше одбележено со повеќе активности. Така, на пример, проф. д-р Сима Ќирковиќ настапи со реферат: „Исток и Запад во југоисточна Европа", проф. д-р Јован Марјановиќ го прочита својот реферат на тема: „Работничките движења на Балканот пред проблемите: револуција или реформа", „Миграционите движења на југословенските народи во последниве векови" беа тема на рефератот што го презентира на конгресот д-р Милорад Екмечиќ.

Проф. д-р Мирјана Грос се претстави во четвртата секција со реферат на тема за социјалната структура и националните движења на југословенските народи до Првата светска војна. Професорите д-р Франц Цвитер и д-р Бого Графенауер, учествуваа на Конгресот во својство на експерти по генерални теми. Проф. д-р Бранислав Ѓурѓев исто така имаше свое соопштение.

Нашата делегација однесе и дистрибуира на Конгресот 200 примероци од соопштението на ПЕРО МОРАЧА на тема: За тактиката и стратегијата во Втората светска војна.

Југословенската историска наука беше достојно претставена на Конгресот со „Историографија на Југославија" на 522 страници на англиски јазик. Во неа се дава преглед од постигањата во областа на историските науки на Југославија во последниве 10 изминати години. Шеесет примероци од оваа обемна книга беа подарени на членовите на организационото тело на Конгресот и на сите делегации што присуствуваа на Конгресот.

Историчарите од СР Македонија исто така зедоа активно учество на овој меѓународен конгрес. Проф. д-р Данчо Зографски настапи со своја комуникација на тема: За корените и манифестациите на револуционерната и на реформистичката струја во работничките движења на балканските земји. Тој зеде учество и во дискусијата по повод рефератот што го поднесе во Комисијата за славистички проучувања американскиот професор (по потекло Македонец) Филип Шашко на тема: „Македонската борба за ослободување како социјално-револуционерно движење". Кога ја спомнавме оваа тема треба да кажеме дека во рефератот имаше позитивни и добронамерни искажувања од референтот, засновани врз извори и литература што правилно ги третираат прашањата што ги опфаќа овој реферат.

Југословенската, а посебно македонската историска наука, односно Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија беа почестени на овој конгрес со

тоа што се додели раководење на седница од III секција.

За претседател во III секција (Современа историја), беше избран д-р Александар Апостолов, редовен професор на Филозофско-историскиот факултет од Скопје. Тој раководеше со седниците што имаа работна тема: „Проблемот на демократијата во внатрешната структура на политичките партии и движења во XX век".

Седницата со која раководеше проф. Апостолов се одржа на 26 август и на неа се прочитаа три реферати со следниве наслови:

1. „Проблемите на лидерството во политичките партии од Западна Европа во XX век" од Р. РУФИЕ — Швајцарија.
2. „Социјалистичката револуција и граѓанските демократски реформи во работничкото движење во Австро-унгарската монархија пред нејзиното распаѓање", референт Т. ЕРЕЊИ — Унгарија.
3. „Демократски цели и намери во активностите на комунистичките партии", репортер, Максим Павловиќ - Ким — СССР.

По прочитаните реферати имаше мошне интересна и содржајна дискусија во која учествуваа 6 дискутанти.

Што се однесува до организацијата на Конгресот, таа беше мошне успешна, но недостасуваше симултано преведување какво што беше обезбедено на претходниот светски конгрес. За учесниците на Конгресот беа организирани посети на изложби, знаменитости во Сан Франциско, на Паркот на Секвоите, на универзитетските центри во Берклеј и Станфорд, а имаше и индивидуални посети на американски семејства по нивна покана.

На овој конгрес се реши идниот XV меѓународен конгрес на историчарите да се одржи во Букурешт 1980 година.

Александар АПОСТОЛОВ

Лазар ЛАЗАРОВ

## ТРКАЛЕЗНА МАСА. НОВИ СОЗНАНИЈА ЗА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ — СРЕДБА НА ИСТОРИЧАРИ, ЈАВНИ И КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ

Во културно-просветната манифестација посветена на Гоце Делчев — идеолог и организатор на македонското ослободително движење во повеќе градови на територијата на СРМ, на 3, 4 и 5 февруари беше организирана пригодна програма „ПЕСНА ЗА ГОЦЕ 1976". Жижата на овие Гоцеви денови беше градот Скопје. Во текот на овие три дена во Универзалната сала во Скопје со своја програма настапија повеќе културно-уметнички друштва од Републиката.

Во рамките на оваа манифестација во организација на Институтот за национална историја — Скопје, на 4 февруари 1976 година (денот на раѓањето на Гоце Делчев) беше организиран собир Тркалезна маса посветен на Гоце Делчев и македонското националноослободително движење. Целта